Врз основа на член 19 став (1) точка 19) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021), а во врска со член 25 став (7) точка 10) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 11.12.2025 година ја донесе следната

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на ИОРРСМ за 2026 година

1. Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година, се изработува врз основа на надлежностите на ИОРРСМ уредени со Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021) и Статутот на ИОРРСМ.
2. Во текот на 2026 година, ИОРРСМ ќе ги спроведе следните активности:

| **Активност** | | **Рок за спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 2. | Изготвување и усвојување на Финансиски план на ИОРРСМ за 2025 година. | Прво тримесечје на 2026 година |
| 3. | Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2025 година. | Прво тримесечје на 2026 година, најдоцна до 31 март |
| 4. | Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2026 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Прво тримесечје на 2026 година |
| 5. | Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување, практични семинари/работилници од областа на ревизија и сметководство. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 6. | Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Донесување на годишна и тригодишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Прво тримесечје на 2026 година |
| 8. | Спроведување контрола на квалитетот над членовите на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 9. | Континуирано усогласување / преведување на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за управување со квалитет и други релевантни објави на IFAC[1], како и Меѓународниот кодекс за етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 10. | Објавување во `Службен весник на РСМ` на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за управување со квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Меѓународниот кодекс за етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 11. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за управување со квалитет и Меѓународниот кодекс за етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 12. | Промовирање на МСР и Меѓународниот кодекс за етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 13. | Поведување и спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите поради повреда на МСР, Меѓународниот кодекс за етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 14. | Издавање на Билтен на ИОРРСМ и ажурирање на информациите објавени на веб страницата на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 15. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |

[1] International Federation of Accountants - IFAC

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 17. | Изготвување и усвојување на Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2027 година. | Четврто тримесечје на 2026 година |
| 18. | Други работи и активности што ќе произлезат согласно законските надлежности на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2026) |
| 19. | Ажурирање на Акцискиот план за усогласеност со *Стандардите за обврски за членство на IFAC.* | Прво тримесечје на 2026 година |

4. Оваа Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**Ненад Тортевски**
**Претседател на ИОРРСМ**